РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2185/3
01.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 19. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.5.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски (годишен одмор).

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, Јетон Исмаили, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 19. седница на Советот. Седницата почна во 12:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 18. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.5.2026 година.
2. Предлог за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, со предлог-одлука.
3. Разно.

### Точка 1

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 18. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.5.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година. Појасни дека постојат проблеми со функционирањето на двата главни лифта во седиштето на Агенцијата, а фирмата избрана на јавен повик не е во можност да ги сервисира. Поради тоа, договорено е со досегашната фирма која ги одржувала лифтовите, договорот спогодбено да се раскине, со цел да се распише нова јавна набавка и да се избере економски оператор кој ќе може соодветно да го врши сервисирањето и одржувањето на лифтовите. Со предложеното зголемување на Финансискиот план ќе се обезбедат средства за спроведување на новата јавна набавка и склучување договор со времетраење од една година. Како причина за спогодбеното раскинување на договорот наведе дека, согласно законските прописи, лифтовите не смеат да бидат во употреба доколку нема овластена фирма задолжена за нивно одржување. Досегашната фирма се согласила, до изборот на нов економски оператор, бесплатно да го одржува малиот лифт кој е во функција, како и платформата. Во спротивно, доколку договорот бил еднострано раскинат, ќе требало да бидат исклучени од употреба и малиот лифт и платформата, сè до изборот на нова фирма за нивно одржување.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека е предложено Финансискиот план да се зголеми за 1.710.000,00 денари а целокупната набавка ќе изнесува 2 милиони денари без ДДВ односно 2.360.000,00 денари со ДДВ. Образложи дека ќе се зголемат две позиции, и тоа: приходната ставка „Пренесени вишок средства од минати години“ се зголемува за 1.230.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 71.650.345,00 денари, истата ќе изнесува 72.880.345,00 денари. Исто така ќе се зголеми приходната ставка „Планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање“ за 480.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.700.000,00 денари, ќе истата изнесува 11.180.000,00 денари. Објасни дека за оваа намена се предвидени значително повеќе средства во однос на претходните години. Посочи дека очекува средствата да не бидат целосно искористени, но дека е подобро да бидат планирани однапред, со цел да не се врши ребаланс на Финансискиот план доколку се појави потреба од дополнителни интервенции. Нагласи дека на тој начин ќе се овозможи навремено и соодветно постапување доколку бидат потребни дополнителни зафати, со крајна цел сите три лифта и платформата да бидат ставени и одржувани во функција.

Членот на Советот, Виктор Павловски, посочи дека лифтовите ги користи и Министерството за спорт и праша дали трошоците ќе бидат соодветно распределени меѓу двете институции.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, објасни дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е носител на јавната набавка, но дека по добивањето на фактурите, 35% од износот се префактурира на Министерството за спорт. Посочи дека, доколку вкупниот износ изнесува 2 милиони и 360 илјади денари, учеството на Министерството би било околу 900 илјади денари.

Членот на Советот, Виктор Павловски, констатира дека во таков случај Агенцијата ќе има расход во износ од околу 2 милиони денари, но и приход од околу 1

милион денари по основ на префактурирање кон Министерството за спорт. Во таа насока, праша дали е потребно да се изврши измена на Финансискиот план.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, објасни, бидејќи Агенцијата е носител на јавната набавка, во Финансискиот план мора да бидат обезбедени вкупните финансиски средства потребни за спроведување на набавката.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, бр.05-5610/1 од 25.12.2025 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, се зголемуваат за 1.710.000,00 денари, односно изнесуваат 227.060.345,00 денари.

Со зголемувањето на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, бр.05-5610/1 од 25.12.2025 година се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 1.710.000,00 денари, наменети за:

- Поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа, во износ од 2.360.000,00 денари, наместо досегашните 650.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**